09-312/2
19-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 65-та седница, одржана на 15.04.2022 ја донесе следната

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-312/1 од 24.01.2022 година, против ------------, член на совет на Општина ------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 09-312/1 од 24.01.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 24.01.2022 година, поднесена е пријава против ---------, член на совет на Општина --------, и оформен е предмет со број 09-312/1 од 24.01.2022 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека лицето ---------- како избрано лице член на совет на Општина ----------- е и сопственик и управител на ДПТУ -------------, сметајќи дека тоа претставува состојба на судир на интереси што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од ЗСКСИ, односно не постои забрана во истиот закон, за горенаведената состојба.

Имено, согласно член 45 став 1 од ЗСКСИ е предвидено следното:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице,* ***со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално,*** *доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

Согласно горе цитираната одредба, член на совет на општина може да биде сопственик и управител на трговско друштво или установа, бидејќи функцијата член на совет на општина не се извршува професионално.

Понатаму, согласно член 45 став 2 и 3 од ЗСКСИ е предвидено следново:

*(2) Секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал* ***е должно во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до институцијата, односно органот во кој ја врши функцијата да ги пријави правните лица во негова сопственост, во кои има акции или удели или управувачка функција.***

*(3) Органот од ставот (2) на овој член е должен овие податоци јавно да ги објави.*

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Нури Бајрами

По заклучок на ДКСК.
Изработил: С.М советник
Контролирал: К.З- раководител